# Е - МАПАС
# бр. 11

## октомври 2014 година

Следете не и на:

http://www.facebook.com/MAPAS.MK

***ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИ И ПЕНЗИСКИ НАДОМЕСТОЦИ***

***„Немој само да се пензионирате, имајте нешто за што ќе се пензионирате“ - Harry Emerson Fosdick***

***„Пензионирајте се од работа, меѓутоа не и од животот“ - M.K. Soni***

***„Пензионирање: Најголемата кафе пауза во светот“– непознат автор***

### *Зошто пензија?*

* Пензија е основен извор на приход во старост. Човекот работи и заработува плата додека е млад и мора да штеди, за да има средства во старост.

Принцип на дефинирани пензии - пензијата е однапред определена (како процент од пензиската основа т.е. платите) и не е директно поврзана со уплатените придонеси.

| Пензиски систем во Македонија | | Како се финансира? | |
|---|---|---|---|
| | | PAYG | Капитално финансирани |
| Како се пресметува? | Дефинирани пензии* | I столб | |
| | Дефинирани придонеси | | II столб<br>III столб |

Уплатените придонеси од тековните осигуреници веднаш се трошат за плаќање на пензиите на тековните пензионери.

Принцип на дефинирани придонеси - стапката на придонес е однапред определена, а пензијата се определува во моментот на пензионирање и директно зависи од акумулираните средства.

Уплатените придонеси за секој осигуреник се евидентираат на негова индивидуална сметка, се инвестираат, се акумулираат и на крај се исплаќаат за лична пензија на осигуреникот.



## Кога членовите на задолжителните пензиски фондови остваруваат право на старосна пензија од втор столб?

- 64 години возраст за мажи, односно 62 години возраст за жени;
- Минимум 15 години работен стаж.



## Кога членовите на доброволните пензиски фондови остваруваат право на пензиски надоместок од трет столб?

- Најрано 10 години пред достигнување на возраст за стекнување на старосна пензија, односно со навршување на возраст за жени 52 години и за мажи 54 години.
- Едновремено, за третиот столб 70 години возраст е максимална возрасна граница од која член на третиот столб мора да почне да повлекува средства за пензиски надоместок од доброволниот пензиски фонд, заради завршување на циклусот на штедење и почеток на исплата.

## Кои се основни видови на исплата на пензии од втор и трет столб?

Основни видови на исплати на пензии од капитално финансирани системи со дефинирани придонеси се програмирани повлекувања, ануитети и нивна комбинација.

**Програмирано повлекување** претставува серија од фиксни или варијабилни исплати при што пензионерот континуирано повлекува дел од акумулираните средства на неговата сметка, додека останатиот дел останува на сметката и понатаму се инвестира. Овие програмирани повлекувања ги исплатува пензиско друштво, месечно, до крајот на животот на пензионерот или додека има средства на сметката на пензионерот, или до крајот на однапред дефиниран период.

**Ануитет** претставува серија од редовни периодични исплати кои се исплаќаат во однапред дефиниран период (однапред дефиниран број на години) или се додека корисникот е жив. Ануитетите ги исплатува друштво за осигурување на живот, месечно, до крајот на однапред дефинираниот период или до крајот на животот на пензионерот.

## Што е Центар на котација и како функционира?

Заради поголема транспарентност на изборот на пензија од втор столб и пензиски надоместок од трет столб се воспоставува Центар за електронски систем за котација (скратено Центар за котација). Центарот за котација претставува правно лице кое со договор го основаат друштвата за осигурување и пензиските друштва кои исплатуваат пензии од втор столб и пензиски надоместоци од трет столб. Преку Центарот за котација ќе се доставуваат барања за котации за различни видови исплати и ќе се добиваат понуди од пензиските друштва и друштвата за осигурување. Добиените понудите во збирна табела ќе се доставуваат до членот кој има доставено барање за котација од кои членот ќе може да избере.

Центарот за котација е задолжителен за секој член на задолжителен пензиски фонд при првиот избор на еден од видовите на исплата на пензија и при промена на видот на исплата на пензија.

Центарот за котација е задолжителен и за членовите од доброволниот пензиски фонд доколку се одлучат да изберат еден од видовите на ануитети кои се предвидени со Законот.



## Како се одвива постапката за остварување право на старосна пензија од втор столб?

1. Членот на пензискиот фонд поднесува барање за остварување право на старосна пензија до Фондот на ПИОМ. Потоа Фондот на ПИОМ доставува копија од донесеното решение со кое се признава или не се признава право на старосна пензија до пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд каде што членува подносителот на барањето.

2. Членот на пензискиот фонд поднесува барање до пензиското друштво кое во негово име започнува со котација во Центарот за котација. Во барањето членот на пензискиот фонд определува кои видови на исплати на пензија сака да бидат вклучени во котацијата.

3. Во рок од пет дена од приемот на барањето, пензиското друштво е должно да поднесе барање за котација во Центарот за котација со идентификациски број на котацијата и следниве податоци: износот на средства на индивидуалната сметка, полот и датумот на раѓање на членот на пензискиот фонд и видовите на исплата на пензија.

4. Потоа друштвата за осигурување и пензиските друштва ги презентираат своите понуди, во рок од пет дена од внесувањето на барањето за котација во Центарот за котација.



5. Центарот за котација доставува до пензиското друштво збирна табела со сите добиени понуди за членот на пензискиот фонд.




6. Пензиското друштво ја доставува збирната табела со сите добиени понуди до членот на пензискиот фонд кој може во периодот од 30 дена на важност на понудите, да одбере понуда.

7. По конечниот избор на понуда членот треба да потпише соодветен договор или полиса зависно од избраниот начин на исплата на пензија од вториот столб и избраната институција која ќе ја врши исплатата.

- Членот на пензиски фонд кој се определил за комбинација на привремени програмирани повлекувања и доживотен одложен ануитет го дефинира и периодот на одложување и соодносот меѓу овие два вида на пензии.
- Членот на пензиски фонд може да побара неколку различни вида на ануитети да бидат котирани од страна на друштвата за осигурување.
- Корисникот на пензија од прв столб може да одложи остварување пензија од втор столб најмногу до три години од денот на стекнување на правото на старосна пензија пд прв столб.

## НОВОСТИ

### *МАПАС СТАНА ЧЛЕН НА ГЛОБАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА - АЛИЈАНСА ЗА ФИНАНСИСКА ВКЛУЧЕНОСТ*

На 4 јули во просториите на Агенцијата беше остварена средба на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата, Булент Дервиши со извршниот директот на Алијанса за финансиска вклученост, Alfred Hannig и Претседателот на Координациското тело на регулаторните институции во Македонија за финансиска едукација од НБРМ, Кристина Николовска на која беше разговарано за идните активности на Агенцијата како дел од АФИ мрежата.

### *СТУДИСКА ПОСЕТА ВО РИГА - ДЕЛ ОД TAIEX ПРОЕКТОТ*

Во периодот од 30 јули до 01 август 2014г. претставници на МАПАС беа во студиска посета на Financial and Capital Market Commission of Latvia (FCMC) - супервизор и регулатор на финансискиот пазар во Латвија.

Целта на посетата беше размена на искуства заради обезбедување на ефикасна супервизија и регулатива, а беше ставен посебен акцент на управувањето со ризиците на пензиските фондови.

### *ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА*

На 13.09.2014 година во просториите на МАПАС, во присуство на новинари од медиумите, Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, д-р Булент Дервиши одржа прес конференција на која накратко беше презентиран осмиот годишен Извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување за 2013 година. На прес конференцијата учествуваше и членот на Советот на експерти, Елизабета Видовиќ.

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

### *ШТО СЕ СЛУЧУВА СО СРЕДСТВАТА НА ЧЛЕН НА ВТОРИОТ СТОЛБ КОЈ ОСТВАРИЛ ПРАВО НА ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА ОД ПРВ СТОЛБ?*

Доколку со средствата акумулирани во вториот столб не може да се обезбеди пензија поголема од инвалидската пензија од Фондот на ПИОМ, средствата се пренесуваат во Фондот на ПИОМ од каде се исплаќа инвалидската пензија.

### *ДОКОЛКУ ИМАМ ПОМАЛКУ ОД 15 ГОДИНИ СТАЖ ДАЛИ МОЖЕ ДА ГИ ПОДИГНАМ СРЕДСТВАТА ЗА ПЕНЗИЈА ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД?*

Да, средствата за пензија во задолжителниот пензиски фонд може да се повлечат со наршување на 65 години возраст.

### *ВО СЛУЧАЈ КОГА ПОЧИНАТИОТ ЧЛЕН НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД НЕМА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО КОИ ИМААТ ПРАВО НА СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА, ТОГАШ ШТО СЕ СЛУЧУВА СО СРЕДСТВАТА НА СМЕТКАТА НА ТОЈ ЧЛЕН?*

Средствата на сметката на членот станувааат дел од оставинската маса на починатиот член и со нив се постапува согласно Законот за наследување.



***Имате прашања или поплаки?***
***Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk***


Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.mk